Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Северна Македонија
Во соработка со Македонското здружение за научна комуникација (МЗНК), Скопје, Република Северна Македонија
ИЗВОР за сите македонски списанија. 2026 Ное 12; 1(T1):1-4.
https://doi.org/10.3889/izvor.2026.11
eISSN: 3142-6271
Категорија: *T1 – „Цената на знаењето“*
Секција: *Научно издаваштво и отворена наука*



Предговор кон тематскиот број: Цената на знаењето

Мирко Спироски[1,2,3]; Владимир Трајковски[4,5*]

[1]Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Скопје, Македонија; [2]Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Македонија; [3]Претседател на Македонско здружение за научна комуникација (МЗНК), Скопје, Македонија; [4]Институт за специјална едукација и рехабилитација, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија; [5]Генерален секретар на Македонско здружение на медицински уредници, Скопје, Македонија

Цитирање: Спироски М, Трајковски В. Предговор кон тематскиот број: Цената на знаењето. Извор Макед С. 2026 Ное 12; 1(T1):1-4. https://doi.org/10.3889/izvor.2026.11
Клучни зборови: научно издаваштво; отворен пристап; научна етика; уредничка практика; научна комуникација.
***Кореспонденција:** Владимир Трајковски, Институт за специјална едукација и рехабилитација, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија. E-mail: vladotra@fzf.ukim.edu.mk
Примено: 05-Ное-2026
Ревидирано: 09-Ное-2026
Прифатен: 11-Ное-2026
Печатарски права: © 2026 Мирко Спироски, Владимир Трајковски.
Јазик: Македонски
Лиценца: Оваа статија е со отворен пристап дистрибуирана под условите на Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Финансирање: Ова истражување не добило никаква финансиска помош
Конкурентски интереси: Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси

Извадок

ОСНОВА: Квалитетното научно издаваштво се темели на професионално уредништво, научна етика, транспарентни редакциски постапки и примена на меѓународните стандарди. Развојот на овие принципи е особено значаен за унапредување на научната комуникација и меѓународната видливост на македонските списанија.

ЦЕЛ: Да се прикажат значењето и придонесот на работилницата организирана од Македонското здружение на медицински уредници (МЗМУ), одржана на 2 ноември 2026 година, како и улогата на тематскиот број на списанието Извор за сите македонски списанија во споделувањето на знаењата и добрите практики во научното издаваштво.

МЕТОДИ: Применет е описен пристап заснован на претставување на темите, дискусиите и стручните сознанија од работилницата, како и на содржината на петте научни и стручни прилози објавени во тематскиот број.

РЕЗУЛТАТИ: Работилницата овозможи академска размена и дискусија за отворениот пристап, научната етика, уредничката одговорност, меѓународната видливост и примената на вештачката интелигенција во научното издаваштво. Тематскиот број ги документира и пошироко ги споделува овие сознанија, поттикнувајќи соработка и унапредување на уредничките практики.

ЗАКЛУЧОК: Развојот на квалитетно и меѓународно препознатливо научно издаваштво бара континуирана едукација, професионална одговорност, транспарентност и соработка меѓу уредниците, издавачите и истражувачите. Работилницата и тематскиот број претставуваат придонес кон јакнењето на научната комуникација и унапредувањето на македонското научно издаваштво.

Scientific Foundation SPIROSKI, Skopje, Republic of North Macedonia
In partnership with Macedonian Association for Scientific Communication (MASC), Skopje, Republic of North Macedonia
IZVOR for all Macedonian Journals. 2026 Nov 12; 1(T1):1-4.
https://doi.org/10.3889/izvor.2026.11
eISSN: 3142-6271
Category: *T1 – "Workshop Preface: The Cost of Knowledge"*
Section: *Scholarly Publishing and Open Science*



Thematic Issue Preface: The Cost of Knowledge

Mirko Spiroski[1,2,3], Vladimir Trajkovski[4,5*]

[1]Faculty of Medicine, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Skopje, Macedonia; [2]Scientific Foundation SPIROSKI, Skopje, Macedonia; [3]President of the Macedonian Association for Scientific Communication (MASC), Skopje, Macedonia; [4]Institute of Special Education and Rehabilitation, Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Skopje, Macedonia; [5]Secretary General of the Macedonian Association of Medical Editors, Skopje, Macedonia

Citation: Spiroski M, Trajkovski V. Thematic Issue Preface: The Cost of Knowledge. Izvor Maced J. 2026 Nov 12; 1(T1):1-4. https://doi.org/10.3889/izvor.2026.11
Keywords: scholarly publishing; open access; research ethics; editorial practices; scholarly communication
***Correspondence:** Vladimir Trajkovski, Institute of Special Education and Rehabilitation, Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Skopje, Macedonia. E-mail: vladotra@fzf.ukim.edu.mk
Received: 05-Nov-2026
Revised: 09-Nov-2026
Accepted: 11-Nov-2026
Copyright: © 2026 Mirko Spiroski, Vladimir Trajkovski.
Language: Macedonian
License: This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Funding: This research did not receive any financial support
Competing Interests: The authors have declared that no competing interests exist

Abstract

BACKGROUND: Quality scholarly publishing is founded on professional editorial practices, research ethics, transparent editorial procedures, and adherence to international standards. The development of these principles is particularly important for advancing scholarly communication and enhancing the international visibility of Macedonian journals.

OBJECTIVE: To present the significance and contribution of the workshop organized by the Macedonian Association of Medical Editors (MAME), held on 2 November 2026, as well as the role of the thematic issue of the journal Izvor for all Macedonian Journals in sharing knowledge and good practices in scholarly publishing.

METHODS: A descriptive approach was applied, based on the presentation of the topics, discussions, and professional insights from the workshop, as well as the content of the five scientific and professional contributions published in the thematic issue.

RESULTS: The workshop provided an opportunity for academic exchange and discussion on open access, research ethics, editorial responsibility, international visibility, and the application of artificial intelligence in scholarly publishing. The thematic issue documents and disseminates these insights more broadly, fostering cooperation and the improvement of editorial practices.

CONCLUSION: The development of high-quality and internationally recognized scholarly publishing requires continuous education, professional responsibility, transparency, and cooperation among editors, publishers, and researchers. The workshop and the thematic issue contribute to strengthening scholarly communication and advancing scholarly publishing in North Macedonia.

Научното издаваштво претставува еден од најзначајните столбови на развојот, унапредувањето и меѓународната афирмација на науката. Квалитетното научно списание не е само медиум за објавување научни резултати, туку и простор за размена на идеи, критичко преиспитување на научните сознанија, поттикнување на истражувачката креативност и градење доверба во научната комуникација. Во таа смисла, професионалното уредништво, етичките стандарди, транспарентните редакциски постапки и доследната примена на меѓународните принципи на научното објавување се предуслови за одржлив развој на секое научно списание.

Токму овие прашања беа во фокусот на работилницата организирана од **Македонското здружение на медицински уредници (МЗМУ)**, која се одржа на 2 ноември 2026 година во Деканатот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во рамките на одбележувањето на Меѓународната недела на отворениот пристап (Слика 1).



Слика 1: Програма од работилницата „Цената на знаењето“, која се одржа на 2 ноември 2026 година во Деканатот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во рамките на одбележувањето на Меѓународната недела на отворениот пристап – 2026

Работилницата претставуваше значајна можност за академска размена, професионално усовршување и дискусија за предизвиците со кои се соочуваат редакциите на научните списанија во современото издавачко опкружување. Посебен акцент беше ставен на отворениот пристап, научната етика, уредничката одговорност, меѓународната видливост и улогата на современите технологии во научното издаваштво, вклучително и вештачката интелигенција како помошна алатка, но не и замена за човечкото критичко расудување и професионалната одговорност.

Македонското здружение на медицински уредници има важна улога во унапредувањето на културата на одговорно и професионално научно објавување во нашата земја. Неговата мисија е да ги поврзува уредниците, издавачите, истражувачите и другите професионалци вклучени во научната комуникација, да поттикнува размена на искуства и добри практики и да придонесува кон усогласување на домашните списанија со современите меѓународни стандарди. Особено е значајно што ваквите иницијативи го надминуваат тесниот круг на медицинските науки и отвораат простор за поширока соработка меѓу уредничките тимови на списанија од различни научни области. Развојот на квалитетно научно издаваштво бара заедничка посветеност, континуирана едукација и институционална поддршка [1].

Овој тематски број на списанието *Извор за сите македонски списанија*, Том 1, Бр. Т1 (2026), претставува конкретен придонес кон документирањето и поширокото споделување на знаењата, искуствата и заклучоците произлезени од работилницата [2]. Преку петте научни и стручни прилози, бројот има цел да отвори простор за подлабоко разгледување на прашањата поврзани со отворениот пристап, уредничката практика, научниот интегритет и современите предизвици на академското издаваштво. На тој начин, списанието ја потврдува својата улога како платформа за дисеминација на релевантни знаења, поттикнување на академскиот дијалог и поврзување на научната заедница во Македонија.

Посебната вредност на овој тематски број е во неговата порака дека унапредувањето на научните списанија не може да биде изолиран процес на поединечни редакции. Тоа бара соработка, меѓусебна поддршка, споделување на знаења и заедничка заложба за повисоки стандарди.

Меѓународната видливост не се постигнува само преку индексирање во престижни библиографски бази на податоци, туку пред сè преку континуирано градење научен квалитет, уредничка независност, транспарентност, етичност и доверба. За списанијата на јазици со помал број говорници, одржливата интернационализација бара истовремено внимание кон уредувачкиот и научниот квалитет, видливоста, соодветното индексирање и пристапноста на повеќе јазици [3].

Упатуваме искрена благодарност до сите

предавачи, учесници и автори кои придонесоа за реализацијата на работилниците и подготовката на овој тематски број.

Веруваме дека оваа публикација ќе биде корисен ресурс за сегашните и идните уредници, издавачи и истражувачи и ќе поттикне нови иницијативи за развој на научното издаваштво во Македонија.

Знаењето добива вистинска вредност кога се создава одговорно, се објавува квалитетно и се споделува слободно.

Литература

1. Македонско здружение на медицински уредници [Internet]. Скопје: Македонско здружение на медицински уредници; [cited 2026 Nov 12]. Available from: https://www.facebook.com/MAMEassociation/
2. Spiroski M. IZVOR for all Macedonian Journals: A National Platform for Advancing Scholarly Publishing and Open Science. (2026). Izvor for All Macedonian Journals, 1(1), 1-4. https://doi.org/10.3889/izvor.2026.4
3. Трајковски В. Повеќејазична научна комуникација во заедница со јазик од мал обем: искуства од списанието „Journal of Special Education and Rehabilitation“. Извор Макед С. 2026 Сеп 5; 1(1):16-28. https://doi.org/10.3889/izvor.2026.3